Република Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

[redacted]

Република Македонија
Јавно претпријатие за
државни патишта

ЕМБС: 6839673
ул.Даме Груев бр.14
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 3-228-454
(02) 3-118-044
Факс: (02) 3-220-535

Бр. 08-5044/2

Дата: 12.06.2015 год.
Скопје

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
- Сектор за просторно планирање

Бул. „Гоце Делчев“ бр. 8, зграда на МРТВ,
1000 Скопје
Република Македонија

Предмет: Достава на Одлука, формулари за СОЖС

Врска: /

Почитувани,

Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП) планира да реализира проект за Изградба на експресен пат А3, делница Штип (Три Чешми) - Кочани за која согласно Законот за животна средина (Сл.Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11, 123/12, 164/12, 93/13 и 44/15), ЈПДП донесе Одлука за спроведување на постапка за Стратегиска оцена на влијание на проектот врз животната средина (СОЖС).

Во прилог на овој допис Ви испраќаме Одлука за спроведување на стратегиска оцена и Формулари за стратегиска оцена за Изградба на експресен пат А3, делница Штип (Три Чешми) - Кочани, како и мапа во електронска верзија за гореспомената делница.

Ви благодарам за соработката и останувам,

Со почит

В.Д. ДИРЕКТОР,
Александар Стојанов

Прилог: Одлука, Формулар, Мапа (ЦД)

Изготвил: Зоран Цветановски
Контролирал: Јоже Јовановски
Одобрил: Игор Митренцев

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 164/12 и 93/13), Јавното претпријатие за државни патишта, на ден 11.06.2015 година донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
Бр. 08-5044/1
12.06.2015 год.
СКОПЈЕ

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Изградба на експресен пат А3, делница Штип (Три Чешми) - Кочани, потребно е да се спроведе Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Изградба на експресен пат А3, делница Штип (Три Чешми) – Кочани, се определуваат следните: Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Агенција за планирање на просторот, општина Штип, општина Карбинци, општина Чешиново-Облешево, општина Кочани и Јавното претпријатие за државни патишта.

3. За планскиот документ Изградба на експресен пат А3, делница Штип (Три Чешми) - Кочани за чија изработка е одговорно ЈП за државни патишта, а го донесува Владата на Република Македонија, се очекува дека ќе има влијанија врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на генерирање на комунален, градежен и опасен отпад, влијание врз амбиентниот воздух и влијание врз биодиверзитетот, влијание врз имоти на лица и влијание врз здравјето на луѓето.

5. Одлуката, заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена, се објавува на веб страната на Јавното претпријатие за државни патишта на следната веб адреса: www.roads.org.mk

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр.
Место СКОПЈЕ

Име и презиме
В.Д Помошник Директор

Игор Митренцев

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | ИЗГРАДБА НА ЕКСПРЕСЕН ПАТ А3; ДЕЛНИЦА ШТИП (ТРИ ЧЕШМИ)-КОЧАНИ |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Јавно претпријатие за државни патишта (ЈП државни патишта)<br>улица Даме Груев број 14, 1000 Скопје<br>тел: 02/3118-044 факс 02/3220-535<br>www.roads.org.mk |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за животна средина и просторно планирање |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Јоже Јовановски<br>Сашка Богдановска Ајцева |
| Назив на работното место | Раководител на одделение за животна средина и социјални аспекти<br>Советник за заштита на животна средина |
| Контакт податоци за лицето | тел 311-044 лок 135<br>email: j.jovanovski@roads.org.mk<br>saska@roads.org.mk |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| Во Просторниот план од 2004 год. е предвиден и патниот правец М - 5 исток запад Бугарија - Делчево - Штип - Велес - Битола - Охрид - Албанија и крак кој води од Битола до грчката граница. Патниот правец Штип - Кочани е дел од државниот патен правец А3 (Крстосница Требениште (врска со А2) - крстосница Подмоље- Охрид - Косел -Ресен - Битола - Прилеп - Велес - Штип - Кочани – Делчево-граница со Бугарија (гп Рамна Нива) и делница Битола - (крстосница Кукуречани) - граница со Грција (гп Меџитлија). |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| Да☒<br>Не☐ |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| / |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| Да, Транспорт, плански документ за кој се изработува СОВЖС |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка: 7 | Алинеја: 2 |

| |
|---|
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| Да, изработка на проект за инфраструктура |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| не |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Изградба на нов експресен пат , делница Штип(Три Чешми)-Кочани |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Транспорт |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| / |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| / |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Експресниот пат започнува кај денивилираниот патен јазол Три Чешми, кај истоименото село крај Штип, а потоа оди од десната страна на ТИРЗ Штип. Скоро цела траса оди по Оризово поле испресечено со голем број на канали за наводнување и голем број на локални патишта како Бања – Облешево – Спанчево – Чешиново – Соколарци – Чардаклија – Жиганци, Уларци, патот Р206 (стара ознака) Крупиште - |

| |
|---|
| Пробиштип – Кратово. Патот завршува кај Кочани и е со должина од околу 28,5km. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Потенцијални влијанија се очекуваат во фаза на градба и експлоатација на патот со загадување на почвата, водите, воздухот, флора и фауна, пејсажот, зголемена бучава, културното наследство и социо-економски влијанија. Особено големо влијание ќе постои врз почвите поради пренамена на земјоделско во градежно земјиште, како и врз подземните води. Загадувањето на водите може да биде со течен, полуцврст и цврст отпад, а ќе е резултат на истечени масти и масла од механизацијата и транспортните средства. Загадување на водите може да дојде доколку при градба дојде до евентуално оштетување на постоечките цевки - инфраструктура. Бидејќи делницата ќе минува низ Хидро мелиоративниот систем Брегалница, ќе се пресечат повеќе водотеци и групни и разводни канали и пристапни патишта до земјоделските површини. Со соодветни технички мерки (изградба на соодветни пропусти) ќе се минимизираат и спречат овие влијанија . | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Загадувањата во фаза на градба се веројатни и краткотрајни, а во фаза на експлоатација се веројатни со кратко времетраење или долгорочни. Долгорочни влијанија врз животната средина ќе бидат оние со кои ќе се пореметат/ поместат живеалиштата на одредени видови животни. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Кумулативните влијанија од изведбата и експлоатацијата на експресниот пат се позитивни и негативни влијанија.Планираната траса е утврдена во подрачје во кое се присутни антропогени влијанија заради релативната близина на населените места Штип и Кочани, околните села како и од земјоделското производство застапено на околното обработливо земјиште. Кумулативни влијанија се можни од отстранување на вегетацијата, ерозивните процеси, загадување на почвата, воздухот и водите. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема прекугранично влијание од причина што патот се протега во границите на РМ. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Од природни катастрофи можни се земјотреси. Од изградба и експлоатација на патот: несреќи, болести, загадување на воздухот, бучава и пожари во случај на сообраќајни несреќи и хаварии. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Влијанијата ќе се чуствуваат во заштитниот појас на патот со ширина од 40м. Изложеност е на мала популација, бидејќи патот е проектиран надвор од урбани зони, а се протега во близина на следните |

| | |
|---|---|
| | населени места: Штип, Крупиште, Бања, Тркање,Облешево,Спанчево, Чешиново,Соколарци, Чардаклија, Жиганци, Уларци и Кочани. |

Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:

Значајна е оваа делница поради тоа што ќе овозможува:
Подобрување на врските исток-запад меѓу Македонија и соседните земји; Побрз и побезбеден транспорт; Зајакнување на локалната економија, вклучително и подобрување на условите за живеење на локалното население, и овозможување на туристичкиот развој. Негативни : експропријација и трајна пренамена на земјиштето. Позитивни: рурален развој, туризам, стопанство, услужни дејности, инфраструктурна опременост на населбите,миграција град-село.

Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:
Подрачјето низ кое поминува трасата не е дел од заштитено подрачје според национално законодавство. Меѓутоа во близина на трасата постојат значајни орнитолошки локалитети како што е долината на Злетовска Река (најблиска оддаленост е околу 2km). Локалитетот е значаен заради фауната на птиците (единствена мешана колонија од ноќна, сива и мала бела чапја) и царските орли. Покрај тоа, во реката е присутна видра, а се среќаваат неколку видови значајни вилински коњчиња.

| | |
|---|---|
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Со оглед на карактерот на користењето на земјиштето (земјоделско), се смета дека низ пределите каде се води трасата не се застапени ретки и/или загрозени претставници на растителниот и животинскиот свет. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Во фаза на градба :бучава и прашина<br>во фаза на екплоатација: воздух и бучава |
| Интензивна употреба на земјиштето | Ќе се изврши пренамена на земјоделско земјиште во градежно |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Просторот не е заштитен |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:
Со изградбата на патот не се предвидува изградба на други дополнителни објекти долж трасата за кои би било потребно спроведување на ОВЖС. Со подобра инфраструктура ќе се создаваат предуслови за развој на локалната економија,туризмот и целиот развој на регионот.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните

| |
|---|
| резиденцијални проекти):<br>Трасата на проектираната делница Штип(Три Чешми)-Кочани се протега во средишниот дел на Кочанската котлина помеѓу Штип и Кочани, од десната страна на реката Брегалница . Главната активност и намена на земјиштето по патниот коридор од интерес е земјоделството. Во најголем дел од коридорот доминира полјоделство, посебно во Кочанско (Оризово) Поле каде главно е застапен оризот. Значи главните влијанија од спроведување на планскиот документ ќе бидат врз земјоделските површини, меѓутоа со употреба на технички мерки истите можат да се занемарат. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>-Зајакнување на локалната економија, вклучително и подобрување на условите за живеење на локалното население, и овозможување на туристичкиот развој<br>-Урбанизација на просторот со повисока организација<br>-Изеденачување на брзините на возилата долж коридорот, со што ќе се намали степенот на аерозагаденост,<br>-Одржливо искористување на природните ресурси,<br>-Рекултивација на просторот по завршување на изградбата. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Изведбата на проектот ќе има влијанија врз: амбиентен воздух, вода, бучава и вибрации, биолошка разновидност со живеалишта и предели; како и врз социјалните аспекти: локални заедници, вработување и егзистенција, пристап и отпремнина, културно наследство, општествен живот, здравје, заштита и безбедност (вклучувајќи ги безбедноста на патиштата и реагирање при итни случаи), ризик од поплави, како и прашањата за труд и работна сила.<br>Посебно влијание ќе постои врз продуктивното земјоделско земјиште и системите за наводнување. За време на изработка на СОВЖС, ќе треба да се спроведат консултации со засегнатите страни во однос на овие прашања. Врз основа на досега познатите информации, еколошките ризици на овој Проект најверојатно нема да бидат значителни и ќе може да се ублажат со типични градежни мерки за контрола.<br>Клучните влијанија, најверојатно ќе се однесуваат на:<br>-Влијание од конверзијата од продуктивно во непродуктивно земјиште;<br>-Ризик од загадување и седиментација на реките кои се влеваат во река Брегалница, за време на градежните работи;<br>-Ризик од загадување на системите за наводнување на оризовите полиња;<br>-Емисии во воздухот и бучава во текот на изградбата и оперативната фаза на патот кои може да предизвикаат последици за флората и фауната.<br>Социјалните влијанија, најверојатно ќе се однесуваат на:<br>-Влијание на експропријација на земјиштето врз сопственоста на земјиштето, поврзаноста на благосостојбата со користењето на земјиштето и земјоделството;<br>-Ризик од несреќи за време на изградбата; |

| |
|---|
| -Безбедност на новоизградениот експресен пат(вклучувајќи ги безбедносните бенефиции од подобрениот пат);<br>-Непријатност од емисиите во воздухот и бучавата во текот на изградбата и оперативната фаза;<br>-Предностите од економскиот развој како резултат на подобри транспортни врски во областа. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Опфатот на проектот за инфраструктура е третиран во планска документација од повисоко ниво-Просторен план на РМ .<br>Планирањето на просторот се врши врз основа на Условите за планирање на просторот изготвени од Агенцијата за планирање на просторот, а во согласност со Просторен план на РМ. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Оваа делница како делница Три Чешми-Виница "Десна Варијанта" се споменува во “Студија за оцена на влијанието врз животната средина за автопатско решение на Магистрален пат М-5, делница: Граница со Бугарија – Делчево – Кочани – Штип – Велес (Отовица)” изработена од ДИВИ Македонија ДООЕЛ во 2011/2012 година. Во Студијата е наведено е дека изградбата и функционирањето на целиот автопат ќе предизвика значително влијание врз природните области и човечката животна средина. Покрај спроведувањето на мерките за ублажување кои се наменети за избегнување на значителните влијанија, потребно е превземање на одредени препораки заради зачувување и унапредување на животната средина за времетраење на градежните работи и оперативната фаза на автопатот. Исто така како заклучок е дадено :Да се превземат соодветните мерки за археолошките наоѓалишта, кои ќе се наведени од страна на Управата за заштита на културно наследство; да се почитуваат сите предвидени мерки во Студијата; да се спроведува мониторинг и во тек на градба на автопатот и во тек на експлоатација и да не се навлегува во околни значајни подрачја. При изведување на градежните работи особено внимание треба да се посвети на местата каде што патот поминува покрај или преку системите за наводнување и одводнување и водоснабдување за да не дојде до нарушување на функцијата на овие објекти, како и да не дојде до загрозување на заштитните зони на водните тела. |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Сите потенцијални влијанија оценети во фазата на спроведување на СОЖС задолжително се земаат предвид при изготвување на ОВЖС, со можност за паралелно |

| | |
|---|---|
| работење на двата документи. Од оцената на степенот на влијанието ќе зависат и предложените мерки за заштита во СОЖС и нивно спроведување во ОВЖС | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | В.Д. Помошник директор за инвестиции<br>Игор Митренцев |
| Датум 10.06.2015 год.<br>Место Скопје | М.П. |



Падиште
Батенски гробишта
Долно Трогерци
Дренот
Падините
Мусева чука
Врсаковски Рид
Левков Рид
Азмак
Уши
Ежево Брдо
Лозенско Брдо
Рачковица
Долни Балван
Жеово Поле
Јанков Рид
Рамниште
Петиште
ШТИП


Водно Поле
Тупанец
Смрка
Горица
Ваганица
Жиганци
Злетовска река
Скала
Кременик
Градиште
Клетовник
Петрина Нука
Богослов Камен
Рид
Бовански Рид
Спас
Корито
Чешиново
Стојково
Цапина
Ширина
Турски Гробишта
Нова Лака
Стара Лака
Млечки
Копривица
Лака
Цапар
Крупиште
Брегалница
Карбинци
Кефаница
Карагач
Грамади
Долни Тупанец
Лозје
Долно Поле


Градиште
Левник
Тркански Рид
Сламерник
Трканје
Тропо
Преслап
Конско
Бања
Аишица
Кенов Рид
Црни Врв
Сланчево
Рудине
Копеново Брдо
Курилово
Соколарци
Бресје
Цепенико
Горно Поле
Црна Земја
Облешево
Гладно Поле
Голем Брег
Долни Подлог
Горни Подлог
Трканско Поле
Средно Поле
Самарџиски Врви
Владичко Поле
Теранско Поле
Лозје
Прогон
Завој
Чифлик
Млечки